ДОМ
НА
МЛАДИТЕ
„25 МАЈ"
СКОПЈЕ

# ГАЛЕРИЈА

# ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ

## ЈОВИЦА ПОПОВСКИ
(ОД КУМАНОВО)

20 III. — 1 IV. 1981

ЈОВИЦА ПОПОВСКИ

Роден 1948 год. во Куманово

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Скопје, Куманово, Белград, Штип, Струмица, Битола, Вараждин, Врање, Лесковац, Светозарево, Панчево, Крушевац, Суботица и др.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1974, 1975, 1977 и 1979 година во Куманово 1976 година во Лесковац

УЧЕСТВО ВО СЛИКАРСКИ КОЛОНИИ:

1975, 1978, и 1980 година „ПРОХОР ПЧИНСКИ", Куманово—Врање 1974 и 1976 година „КОПАШНИЦА" — Лесковац 1977, 1978, 1979 и 1980 година „ДЕЛИБЛАТСКИ ПЕСАК" — Панчево 1978 година „ДВОРАНЕ" — Крушевац 1979 година „СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА" — Струмица

НАГРАДИ:

1969 година, Скопје награда за слика „МЛАДИТЕ ВО НАУКАТА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА" 1974, 1977 и 1979 година — Куманово, награда за слика

„ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДЛУК"

1979 година, Ноемвриска награда за сликарство /СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА - КУМАНОВО/

АДРЕСА:

ЈОВИЦА ПОПОВСКИ
Ул: „Драган Стопаревиќ" — 2
91300 Куманово

1. „МЛИН"
2. „ПАРК"
3. „ЕСЕН"
4. „КУЌИ I"
5. „ПОДНОЖЈЕ"
6. „МАНАСТИР"
7. „РИД"
8. „КУЌИ II"
9. „ПЧИЊА"
10. „ВОДЕНИЦА"
11. „СЕЛО I"
12. „БИСЛИМ"
13. „СЕЛО II"
14. „КУЌИ III"
15. „ПЕЈЗАЖ I"
16. „ПЕЈЗАЖ II"
17. „ПЕЈЗАЖ III"
18. „ПЕЈЗАЖ IV"
19. „ПЕЈЗАЖ V"
20. „ПЕЈЗАЖ VI"



# ПРЕДГОВОР

Само една година не дели од последната /петта/самостојна изложба на Јовица Поповски организирана во Уметничката галерија во Куманово и организирање на оваа изложба на пејзажи пред ликовната публика во Скопје.

Ова го подвлекувам со цел да го истакнам енергичното залагање на овој млад сликар од Куманово кој и припаѓа на најмладата генерација сликари од Македонија.

Од неговото завршување на Училиштето за применета уметност се наврши една деценија, а сликарот Поповски зад себе остави пет самостојни изложби и учество во над педесет групни изложби. Ја имав таа можност да го следам сликарскиот развој на Јовица Поповски и да се уверам во неговиот квалитетен ликовен растеж што последната негова самостојна изложба тоа и го потврди, на која беа презентирани вредни достигања.

Сликарот Поповски на оваа изложба исклучиво ни се претставува со пејзажот кој е негова паралелна преокупација со модерната обработка во неговото сликарство.

Пејзажот кој ни го нуди сликарот Поповски очигледно зборува дека се движи по истата патека, следејќи ги развојните фази што ги има и неговото модерно сликарство, очекувајќи и да го достигне.

Мотивот за пејзажот најчесто го наоѓа во својата околина, и без тешкотии успева да го искористи и стави на располагање како елемент за пошироко развивање на едно ликовно дело.

Материјализацијата на пејзажот во процесот на неговото творење е доста присутна, наметнувајќи ја својата логика над просторниот однос во разрешување на структуралната мрежа и одмерување на волуменот и количината на елементите во сликата.

Тој непрестано се залага да ја зафати атмосверата на мотивот преку редуцирање и стилизирање на елементите и употреба на бојата во снажни широки потези, со посебен призвук и динамика.

Во богатиот избор на бои доминантна е сината и зелената движејќи се од едноставно ускладени плохи до суптилно организирани целини на композициски и колористични оркестрации.

Приодот кон секое дело, секогаш е нов за сликарот Поповски и тоа не само во изборот на мотивот туку и во начинот на неговото решавање, правејќи напори пред себе да ја напушти идентификацијата на мотивот, прифаќајќи го само како инспирација и појдовна точка за градење на едно ликовно дело.

Ентузијазмот со кој поседува сликарот Поповски ветува дека неговото дело ќе продолжи за да повеќе се збогатува во правецот на кое тоа ликовно се развива.

ТАНЕ АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ